Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈП Водовод и канализација**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 13 (тринаесет) дрвја (3 ореви, 3 елки, 2 бреста, 2 багреми, 2 кедари и бреза), што се наоѓаат **во објектот на ул. Тодор Александров бр. 4 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата да се изврши и организира од барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈП Водовод и канализација Скопје, ул. "Лазар Личеновски" бр. 9 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/653** од **25.08.2023** година, за кастрење на дрвја што се наоѓаат **во објектот на ул. Тодор Александров бр.4 – Скопје.**

Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **31.08.2023** година. При тоа е утврдено дека, дрвјата предмет на барањето дел од нив се наоѓаат на косина, а дел се наоѓаат околу објектот и се навалени над истиот, поради што потребно е да се изврши кастрење, т.е намалување на врвовите на стеблата поради опасност да паднат врз објектот и дворното место.

Согласно член 11 став 1 точка 6 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај инфраструктура (комунална, некомпатибилна и друга) се сметаат за останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри поради опасност од надвиснати стебла над објектот, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/653/2**
**01.09.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

Пом.Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18) , по барање на ЈП Водовод и канализација, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-6/653/2** од 01.09.2023 год. на ул. Тодор Александров бр.4 донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. **14-6/653/2** од 01.09.2023 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Постапувајќи по барање наЈП Водовод и канализација – Скопје , овој орган, има направено увид на ден **31.08.2023** година. При увидот е утврдено дека дрвата се наоѓаат на косина и се навалени над објектот каде се наоѓа пумпна станица, потребно е да им се намалат врвовите на стеблата бидејќи постои потенцијална опасност од паѓање и причинување на материјална или друга штета.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од кастрење на 13 дрва (3 ореви, 3 елки, 2 бреста, 2 багреми, 2 кедари и бреза), бидејќи истите се навалени и високи, потребно е да им се намалат врвовите на стеблата поради потенцијална опасност за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-6/653/3**
**01.09.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________